UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | UNIVERSITY OF TETOVA

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
## ФАКУЛТЕТ ЗА УМЕТНОСТИ

**Тетово, 01.03.2021 година**

Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

# СОДРЖИНА


1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА....................................................................3

2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ....................................................................................................4

2.1.Историски развој.................................................................................................................4

2.2.Мисија....................................................................................................................................5

2.3. Стратегија за развој .............................................................................................................5

3. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКУТРА НА ФАКУЛТЕТОТ.....................................................6

3.1.Органограм............................................................................................................................6

3.2.Студиски програми..............................................................................................................7

4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ.........................................................................................................12

5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР.......................................................14

5.1. Студиска програма за ликовна уметност.........................................................................15

5.2. Студиска програма за музичка уметност.........................................................................16

5.3. Студиска програма за драмска уметност.........................................................................18

5.4. Административна структура на Факултетот за уметности..........................................19

6. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ..............................................................................................20

6.1. Структура на студенти на додипломски студии.............................................................20

6.2. Структура на студенти на магистерски студии...............................................................20

7. АНКЕТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ...........................................................................................22

8. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ И УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ.........................................................25

9. ПРОСТОРИИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ.......................................................................27

10. SWOT АНАЛИЗА..................................................................................................................30

11. ЗАКЛУЧОК............................................................................................................................31





Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

# 1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата организирана во рамките на Факултетот за уметности има за цел да го оцени наставниот процес, и воедно служи за зголемување на неговиот квалитетот. Во текот на процесот на евалуација, во кој беа вклучени воспитно-образовниот кадар и студентите, се евалуираше работата и условите во кои се развива воспитно-наставниот процес. Меѓу другото, беа оценувани наставните планови и програми, со посебен акцент на повторното разгледување на нивната компатибилност со Болоњскиот систем. Поточно, процесот на евалуација вклучуваше:

- Евалуација на студиските програми, вклучувајќи ги основањето, описот и развојот на студиските програми;
- Структура на наставно-научниот кадар;
- Опис на реализацијата на наставата;
- Евалуација на научната активност на наставниот кадар;
- Студенти-структурата и анкетирањето на студентите;
- Структура на административниот и техничкиот персонал;
- Простории и средства за реализација на наставниот процес.

Процесот на евалуација во рамките на Факултетот за уметности се одвиваше во нормален тек и во работна атмосфера, а соработката беше на задоволително ниво. За време на овој процес, беа вклучени сите субјекти и структури кои работат во рамките на Факултетот, Деканатот и администрацијата, а кои институции ги ставија на располагање сите материјали и информации што се достапни во нивни рамки.



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

# 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

## 2.1. Историски развој

Факултетот за уметности, како дел од Универзитетот во Тетово, е основан на 17 декември 1994 година како граѓанска иницијатива, додека од 2004 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, со посебен закон, Универзитетот во Тетово се здоби со статус на високообразовна институција во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово. Во рамките на основањето на Универзитетот во Тетово во 1994 година беа основани и:

- Факултетот за Ликовна уметност, со четири уметнички насоки: сликарство, склуптура, графика, и графички дизајн;
- Факултетот за музичка уметност: теорија на музика и педагогија, соло пеење, пијано, и гудачки инструменти.
- Факултетот за драмски уметности, со насоката  актерство, основана во 1995 година.

Со легализирањето на Универзитетот во Тетово, во 2004 година  се формира *Факултетот за хуманистички науки и уметности*. Во рамките на *Факултетот за хуманистички науки и уметност* функционираа следните Студиски програми: ликовна уметност и музичката уметност.

Во 2007 година, со новата акредитација на Факултетот заснован на Болоњската повелба, се формира Факултетот за уметности како академска единица во рамките на УТ (Табела 1.)

Табела 1. Студиски програми во рамките на Факултетот за уметности

| Студиска програма | | Година на основање |
|---|---|---|
| 1 | Ликовна уметност | 1994 |
| 2 | Музичка уметност | 1994 |
| 3 | Драмска уметност | 1994 |



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

## 2.2.Мисија

Основната мисија на Факултетот за уметности е создавањето на стручен и образовен кадар кои ќе остават долгорочни траги во областа на уметноста.

Улогата и задачата на Факултетот за уметности е реализацијата и организацијата на студиите според студиските програми од прв и втор циклус, односно:

- Реализација на фундаменталните, развојните и применетите истражувања и активности, пренесување на научните, стручните и уметничките знаења и вештини;
- Обезбедување квалитетни студиски програми и средина;
- Негување на вредностите на едно демократско, еднакво, инклузивно и разновидно општество;
- Обезбедување конструктивна, пријателска и кооперативна средина во рамките на институцијата;
- Унапредување на знаењето, критичкото размислување и креативноста;
- Развивање на сеопфатно, точно и критичко разбирање на уметноста, нејзиниот контекст и односите помеѓу уметноста и општеството.
- Проширување на уметничката практика во јавната сфера, користејќи повеќе видови и форми на изложба, музичката сцена, театарот, филмот, итн.;
- Визуелна комуникација за градење односи и ангажирање на публиката, итн..

## 2.3. Стратегија за развој

Факултетот за уметности е насочен во континуитет да обезбеди квалитетна настава. Во согласност со сегашните и идните случувања, Факултетот за уметности во рамките на секоја студиска програма и насока има за цел да понуди:

- Интерактивна настава, заснована на современи теории и најдобри практики кои во фокус ќе го имаат студентот;
- Настава, која го интегрира релевантниот практичен дел во согласност со спецификите на соодветните студиски програми;
- Настава базирана на работа и истражувачки проекти базирани според специфичностите;
- Настава базирана на разумен сооднос према контекстот професор-студент, настојувајќи на имплементацијата на европските стандарди.
- Зајакнување на соработката со другите сестрински институции во земјата и странство.
- Подобрување на процесот на внатрешната евалуација на наставата и програмите, итн..

# 3. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКУТРА НА ФАКУЛТЕТОТ

## 3.1. Органограм




Органи на Факултетот се: Наставно-научниот совет, деканот и Деканатот.



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

### *Наставно-научниот совет*

Наставно научниот совет е управувачки и стручен орган на факултетот. Него го сочинуваат редовните и вонредните професори, како и доцентите кои се во редовен работен однос.

Претставниците на студентите сочинуваат 10% од вкупниот број на членови на Наставно-научниот совет и се бираат со двегодишен мандат, без право на повторен избор. Бројот на студенти во Наставно-научниот совет е варијабилен, во зависнот од општиот број на членови на Наставно-научниот совет.

## 3.2.Студиски програми

Студиските програми во рамките на Факултетот за уметности имаат за цел реализација и организација на студиите според програмите предвидени за првиот и вториот циклус на студии, со цел создавање на иден наставен кадар по уметност и уметници по ликовна, музичка и драмска уметност.

За евалуација на квалитетот на високообразовната дејност, управувањето, академските и другите активности како и нивните предности, Факултетот спроведува самоевалуација во интервали од најмногу 3 години.

Методите на предавања и вежби како и другите активности што се применуваат во рамките на студиските програми се според стандардите на соодветните области и нудат максимални можности за изучување на студиските програми. Студентот е во центарот на вниманието преку интерактивните пристапи и целосното вклучување во сите активности, кои ги изразуваат неговите афинитети.

Процесот на евалуација се изведува континуирано во текот на целиот семестар, создавајќи добра комуникација за време на следењето на активностите и нивниот



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

напредок, со цел да се карактеризира со објективност, релевантност и транспарентност. Секој наставник е должен да ги запознае студентите со стандардите, процедурите и критериумите за оценување земајќи ги предвид различните елементи како што се: активностите на студентите, презентациите, задачите, независната работа итн.

Задолжителната и дополнителната литература наведена во наставниот план на предметите е литература што им е достапна на студентите на тековните студиски програми. Проширувањето и обезбедувањето задолжителна и дополнителна литература за секој предмет посебно е автономно право на секој наставник-носител на предметот. Предметниот наставник е носител на соодветна литература и им ја дели на студентите на почетокот на секој семестар.

Наставникот ја наведува литературата во наставната програма. Студентите имаат слободен пристап до електронските публикации на книги и списанија, што им овозможува да се запознаат со соодветната литература на европско и светско ниво. Студиските програми од првиот и вториот циклус содржат задолжителни и изборни предмети. Задолжителни предмети се од соодветните области на студиски програми. Изборните предмети студентите ги бираат од списокот на изборни предмети на студиските програми кои имаат еднаков број на ЕКТС кредити. Списокот на изборни предмети, исто така, вклучува предмети што се предаваат на други единици на Универзитетот. Покрај задолжителните и изборните предмети, во студиските програми се предвидени и опционални предмети (слободни изборни предмети), од кои студентите можат да стекнат знаење и кредити. На Студиската програма на првиот циклус на студии по ликовна уметност, предвидена е завршна работа (дипломска работа). Додипломски студиски програми обезбедуваат професионални компетенции и вештини за студентите кои ги завршиле студиите како и можност за подобар пристап на нивната професија во согласност со националната рамка на професионални квалификации, како и обезбедување на континуирано образование и пристап до современото стручно и научно/уметничко знаење на кадрите и стручните лица од областа на уметноста.

Ова овозможува пристап на професијата на различни нивоа и во различни области кои даваат сеопфатни одговори на потребите на пазарот на трудот во Република Северна Македонија. Според стандардите за наставниот кадар, студентите од педагошките насоки можат да бидат вработени првенствено како професори по уметност во средното образование-гимназија, средното уметничко образование и основното образование. Слични додипломски студиски програми се вклучени во голем број универзитети во регионот и светот и во голема мера соодветствуваат на Европското ниво на високо образование, додека предметите што се изучуваат на УТ, се изучуваат и на најдобрите универзитети во Европа. Студиските програми во голема мера се усогласени со многу студиски програми од единствениот европски простор за високо образование и обезбедуваат можности за мобилност на академскиот кадар и студентите.

<table>
<tr><td colspan="2">Ниво на национална рамка на квкалификација на високото образование</td><td>Високо образование</td><td>Ниво на европска рамка на квкалификација на високото образование</td></tr>
<tr><td rowspan="2">VI</td><td></td><td></td><td rowspan="2">6</td></tr>
<tr><td>VIA</td><td>Прв циксус на студии Додипломски студии 240 кредити</td></tr>
</table>

***Првиот циклус на студии со времетраење од четири години (осум семестри), 240 ЕКТС***

За реализирање на неговата дејност, Факултетот за уметности е организиран во внатрешни огранизативни единици во согласност со Статутот на Универзитеот, и тоа:

## *I-Студиска програма Ликовна уметност*

| | **Насока** | **Квалификација** |
|---|---|---|
| 1 | Педагошка | Дипломиран наставник по ликовна уметност- |

| | | |
|---|---|---|
| | | сликар, склуптор или графист |
| 2 | Сликарство | Дипломиран сликар |
| 3 | Графика | Дипломиран графист |
| 4 | Склуптура | Дипломиран склуптор |
| 5 | Графички дизајн | Дипломиран графички дизајнер |

***Табела. 2а*** *Насоки и квалификации*

## *II-Студиска програма Музичка уметност*

| | **Насока Теоретска-педагогија** | **Квалификација** |
|---|---|---|
| | Теоретска-педагогија | Дипломиран педагог по музичко |
| | Дипломиран диригент | Дипломиран диригент |
| | Компонирање | Дипломиран композитор |
| | Музикологија | Дипломиран музиколог |
| | Етномузикологија | Дипломира етмомузиколог |
| | Насока Вокално-инструментална | |
| 1 | Соло пеење | Дипломиран соло пејач |
| 2 | Пијано | Дипломиран пијанист |
| 3 | Виолина | Дипломиран виолинист |
| 4 | Виола | Дипломиран виолист |
| 5 | Виолончело | Дипломиран виолончелист |
| 6 | Контрабас | Дипломиран контрабасист |
| 7 | Гитара | Дипломиран гитарист |
| 8 | Флаута | Дипломиран флаутист |
| 9 | Кларинет | Дипломиран кларинетист |
| 10 | Обоа | Дипломиран обоист |
| 11 | Фагот | Дипломиран фаготист |
| 12 | Туба | Дипломиран тубист |
| 13 | Хорна | Дипломиран хорнист |
| 14 | Тромбон | Дипломиран тромбонист |
| 15 | Инструмент со удирање | Дипломиран перкусионист |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Физармоника | Дипломиран физармоницист |

***Табела. 2б** Насоки и квалификации*

## *III-Студиска програма Драмска уметност*

| | **Насока** | **Квалификација** |
|---|---|---|
| 1 | Актерство | Дипломиран актер |
| 2 | Драматургија | Дипломиран драматург |
| 3 | Театарска режија | Дипломиран театарски режисер |
| 4 | Филмска режија и ТВ | Дипломиран филмски и ТВ режисер |
| 5 | Кинематографија | Дипломиран кинематограф |
| 6 | Монтажа | Дипломиран монтажер |

***Табела. 2в** Насоки и квалификации*

## *Втор циклус на студии со времетраење од 1 година* *(2 семестри), 60 ЕКТС*

## *Студиска програма Ликовна уметност*

| | **Насока/модул** | **Квалификација** |
|---|---|---|
| 1 | Сликарство | Магистер по ликовна уметност + име на модул |
| 2 | Склуптура | |
| 3 | Графика | |
| 4 | Графички дизајн | |

***Табела 2ч.** Насоки-модули и квалификации*



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

# 4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

На сите три студиски програми на Факултетот за уметности се организираат студии од прв циклус кои се компатибилни со европскиот кредитен систем (ЕКТС) и кои подготвуваат различни профили од областа на уметноста. Секоја студиска програма содржи неколку насоки, вклучувајќи ја и педагошката насока, како и одреден број уметнички насоки (Табела 2а, 2б, 2в).

На Факултетот за уметности на Студиската програма за ликовна уметност се реализираат студии и од втор циклус во одредени насоки-модули (Табела 2ч).

На Факултетот за уметности наставниот процес се реализира со теоретска и практична настава. Наставата се реализира според динамиката предвидена во програмата на Факултетот за уметности. За реализација на наставниот процес, односно практичниот дел, просторите на факултетот се опремени со соодветна опрема, додека педагошкиот дел се реализира во основните училишта со кои се склучени договори за соработка. Исто така, на сите студиски програми, колоквиумите за секој предмет се реализираат во предвидените термини во соодветните семестри.

Првиот циклус на студии трае четири академски години (осум семестри) и студентите остваруваат вкупно 240 кредити. Вториот циклус студии трае една академска година (два семестри) со вкупно 60 кредити.

По успешна одбрана на дипломскиот труд, студентот добива диплома за завршените студии со следните звања:

## *Студиска програма за ликовна уметност*

По дипломирањето на I (прв) циклус на студии, студентите од насоката педагогија се здобиваат со диплома со звањето:

- Дипломиран наставник по ликовна уметност-сликар, склуптор или графист (во зависност од избраниот модул), додека студентите од уметничките насоки се здобиваат со диплома со звањето:
- Дипломиран сликар,
- Дипломиран склуптор,
- Дипломиран графист,
- Дипломиран графички дизајнер.

По завршувањето на II (втор) циклус на студии студентите се здобиваат со звањето: магистер по ликовна уметност + (модул) сликарство, склуптура, графика или графички дизајн.

### *Студиска програма за музичка уметност*

По дипломирањеот во соодветни уметнички и професионални области се здобиваат со диплома со звањето:

- Музички дипломиран педагог,
- Дипломиран диригент,
- Дипломиран композитор,
- Дипломиран етномузиколог,
- Дипломиран соло пејач,
- Дипломиран пијанист или кларинетист (во зависносто од избраниот модул).

### *Студиска програма за драмска уметност*

По дипломирањеот во соодветните професионални и уметнички области се здобиваат со диплома со звањето:

- Дипломиран актер,
- Дипломиран театарски режисер,

- Дипломиран филмски и ТВ режисер,
- Дипломиран кинематограф,
- Дипломиран монтажер.

Факултетот за уметности има континуирана соработка со други регионални универзитети. Вреди да се спомене соработката со албанските универзитети, како што се Факултетот за уметности во Тирана и Приштина, како во однос на приближувањето на наставната програма, така и во организацијата на заедничките активности во уметничката област како што е „Мост со три лакови", кој се реализира секоја година според предвидената ротација. Имаме редовна соработка со Академијата за уметности при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје и со неколку универзитети во Турција, Бугарија итн. Воспитно-научниот и уметничкиот процес на Факултетот за уметности се реализира во две згради во Тетово.

# 5. СТРУКТУРА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ КАДАР

На Факултетот за уметности, во периодот од учебната 2016/17 до 2018/19 година, образовниот процес е спроведен од вкупно 32 наставници во редовен работен однос. Процесот на избор и реизбор на наставниот и наставно-научниот кадар на Факултетот за уметности е спроведен во согласност со критериумите предвидени со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Статутот на Универзитетот во Тетово. За изведување на наставниот процес, покрај редовниот кадар, ангажиран е и кадар со договор на дело. Овој број беше променлив со текот на годините поради насоките што биле ставени во мирување, како и бројот на запишани студенти.

Родовата пропорција меѓу редовните наставници на Факултетот за уметности не е балансиран, бидејќи само 22% од нивниот вкупен број припаѓаат на женскиот пол.
Следните табели според студиските програми го отсликуваат бројот на наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело за учебната 2016/17, 2017/18 и 2018/19 година



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

## 5.1. Студиска програма за ликовна уметност

На Студиската програма за ликовна уметност во рамките на Факултетот за уметности, во редовен работен однос во текот на академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 години биле ангажирани вкупно 18 наставници (во меѓувреме 1 е заминат во пензија и 1 е вработен). Во учебната 2018/19 година бројот на вработени во редовен работен однос е 18, од кои 4 припаѓаат на женскиот пол, или 22% од наставниците, додека во академските 2016/17 и 2017/18 години имаше само 3 наставници од женски пол, односно 16% (Табела 3а). Покрај нив беа вклучени и 5, односно 3 надворешни соработници. Земајќи го во предвид бројот на запишани студенти на Студиската програма за ликовна уметност во текот на гореспоменатите академски годни (табела 4а), се констатира дека еден наставник содејствува со шест студенти, што претставува поволен број за соодветно изведување на наставниот процес.

| **ЛИКОВНА УМЕТНОСТ**<br>Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2016/2017 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовни | | | | | Со договор на дело | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 6 | 0 | 6 | 50-62 | Редовен | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вондреден | 6 | 0 | 6 | 46-57 | Вондреден | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Доцент | 3 | 2 | 5 | 27-37 | Доцент | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Асистент | 0 | 1 | 1 | 36 | Мр | 1 | 3 | 4 | 30-42 |
| Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 | Дипломиран | 1 | 0 | 1 | 30 |
| Вкупно | **15** | **3** | **18** | | Вкупно | **2** | **3** | **5** | |
| Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2017/2018 година | | | | | | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 6 | 0 | 6 | 51-63 | Редовен | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вондреден | 6 | 0 | 6 | 47-58 | Вондреден | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Доцент | 3 | 2 | 5 | 28-38 | Доцент | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Асистент | 0 | 1 | 1 | 37 | Мр | 2 | 1 | 3 | 31-43 |
| Дипломир ан | 0 | 0 | 0 | 0 | Дипломир ан | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **15** | **3** | **18** | | Вкупно | **2** | **1** | **3** | |
| Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2018/2019 година | | | | | | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 9 | 0 | 9 | 50-63 | Редовен | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вондреден | 5 | 2 | 7 | 39-56 | Вондреден | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Доцент | 0 | 2 | 2 | 29-39 | Доцент | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | Мр | 2 | 1 | 3 | 32-44 |
| Дипломир ан | 0 | 0 | 0 | 0 | Дипломир ан | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **14** | **4** | **18** | | Вкупно | **2** | **1** | **3** | **0** |

***Табела 3а.*** *Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело, Студиска програма за ликовна уметност*

## 5.2. Студиска програма за музичка уметност

На Студиската програма за музичка уметност во рамките на Факултетот за уметности, во редовен работен однос во академската 2016/17 до 2018/19 година имало вкупно 10 наставници, од кои 3 припаѓаат на женскиот пол, или 30% од наставниците. За реализација на наставниот процес биле ангажирани и 13 надворешни соработници (Табела 3б). Со оглед на вкупниот број студенти запишани на Студиската програма за музичка уметност во текот на академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 години (Табела 4а), гледаме дека еден наставник во редовен работен однос, или надворешен соработник ја следел индивидуалната работа на три до четири студенти.

| |
|---|
| **МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**<br>Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2016/2017 година |

| Редовни | | | | | Со договор на дело | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Звање | 5 | 0 | 5 | 46-64 | Ordinar | 2 | 0 | 2 | 53-62 |
| Редовен | 2 | 2 | 4 | 34-57 | Inordinar | 3 | 2 | 5 | 48-78 |
| Вондреден | 0 | 1 | 1 | 38 | Dr | 1 | 0 | 1 | 48 |
| Доцент | 0 | 0 | 0 | 0 | Mr | 3 | 2 | 5 | 24-38 |
| Асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | Diplomuar | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дипломиран | **7** | **3** | **10** | | Gjithsej | **9** | **4** | **13** | |
| Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2016/2017 2017/18 година | | | | | | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 5 | 0 | 5 | 47-65 | Редовен | 2 | 0 | 2 | 54-63 |
| Вондреден | 2 | 2 | 4 | 35-58 | Вондреден | 3 | 2 | 5 | 49-79 |
| Доцент | 0 | 1 | 1 | 39 | Др | 1 | 0 | 1 | 49 |
| Асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | Мр | 3 | 2 | 5 | 25-39 |
| Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 | Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **7** | **3** | **10** | | Вкупно | **9** | **4** | **13** | |
| Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2017/18 година | | | | | | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 5 | 0 | 5 | 48-66 | Звање | 2 | 0 | 2 | 55-64 |
| Вондреден | 2 | 2 | 4 | 36-59 | Редовен | 3 | 2 | 5 | 50-80 |
| Доцент | 0 | 1 | 1 | 40 | Вондреден | 1 | 0 | 1 | 50 |
| Асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | Др | 3 | 2 | 5 | 26-40 |
| Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 | Мр | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **7** | **3** | **10** | | Дипломиран | **9** | **4** | **13** | |

*Табела 3б. Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело, Студиска програма за музичка уметност*



Fakulteti i Arteve-Факултет за уметности-Faculty of Arts
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: arts@unite.edu.mk

## 5.3. Студиска програма за драмска уметност

На Студиската програма за драмска уметност во рамките на Факултетот за уметности во редовен работен однос во академската 2016/17 до 2018/19 година имало вкупно 4 наставници, сите од машки пол. За реализација на наставниот процес биле ангажирани и 9, односно 11 надворешни соработници (Табела 3ц). Со оглед на вкупниот број студенти запишани на Студиската програма за драмска уметност во текот на академските 2016/17, 2017/18 и 2018/19 години (Табела 4а), гледаме дека еден наставник во редовен работен однос, или надворешен соработник, ја следел индивидуалната работа на три студенти.

| **ДРАМСКА УМЕТНОСТ**<br>Наставници и соработници во редовен работен однос и со договор на дело во текот на академската 2016/2017 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовни | | | | | Со договор на дело | | | | |
| Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст | Звање | М | Ж | Вкупно | Возраст |
| Редовен | 0 | 0 | 0 | 0 | Редовен | 2 | 1 | 3 | 50-64 |
| Вондреден | 2 | 0 | 2 | 46-50 | Вондреден | 2 | 0 | 2 | 47-52 |
| Доцент | 2 | 0 | 2 | 40-46 | ДР | 1 | 1 | 2 | 40-47 |
| Асистент | 0 | 0 | 0 | 0 | Мр | 2 | 0 | 2 | 27-35 |
| Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 | Дипломиран | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **4** | **0** | **4** | | Вкупно | **7** | **2** | **9** | |
